# ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА СУДОВИТЕ ЌЕ ПОСТАПУВААТ САМО ПО ИТНИ И НЕОДЛОЖНИ ПРЕДМЕТИ

**Здружението ЕСЕ** ги информира корисниците на бесплатната правна помош на Центарот за правна помош дека во интерес на јавното здравје со цел спречување на корона вирусот, Владата усвои Уредба со која **се запира постапувањето по претходно започнатите судски и управни постапки се до престанување на вонредната состојба.**

Одложување на правда не значи намалена судска заштита или неостварување на правата на штета на граѓаните. Судовите и јавните обвинителства и во вонредната состојба продолжуваат да работат, но само по итни и неодложни предмети. По останатите предмети ќе постапуваат по престанувањето на вонредна состојба со навремено писмено известување до сите засегнати учесници во постапката.

Со оваа нова Уредба престануваат да течат законските рокови за приватни кривични тужби и предлози за кривично гонење, не течат ниту роковите за поднесување жалба, приговор а исто и роковите за присилно извршување за судска наплата на долгови по основ на судски такси за тужба, пресуда, вештачење и останати судски трошоци. Со оваа Уредба се овозможува одржување на итните расправи со користење електронски технички средства без заедничко физичко присуство на учесниците во постапката, а исто така до септември 2020 година се одложува и извршувањето на упатните акти за изречена казна затвор до три години.

**Тоа значи дека во периодот на вонредната состојба судовите ќе работат само по итни тековни и нови тужбени барања и предлози и тоа во постапки за изрекување на привремени мерки за заштита и превенција од семејно насилство, и во постапки за доверување и промена на старателство на малолетни деца каде постојат околности кои влијаат по нивното психофизичко здравје и безбедност. За време на вонредната состојба се запираат сите останати постапки, односно судовите нема да ги процесираат тужбите за развод на брак, како и имотните и работните спорови.**

<u>За сите оние кои водат судски постапки, како и оние кои сакаат да иницираат и на кои им се потребни дополнителни информации поврзани со тоа како оваа уредба ќе влијае на нив, Ве молиме обратете се на контакт телефонот 071/266-101 на Центарот за правна помош на ЕСЕ.</u>